АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 25-12-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 7160 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво РАДИО РОСА - АБ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 декември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 декември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 12 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво РАДИО РОСА - АБ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 декември 2015 година, на регионално ниво, во Скопје, е констатирано прекршување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудио медиумската услуга; адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга; податоци за контакт (телефонски број, адресата на

електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт); и за надлежното регулаторно тело.

*Според насоките за примена на член 12 од Законот за медиуми и на член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги испратени до сите радио програмски сервиси на 7 ноември 2014 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги им препорача на радијата <u>најмалку еднаш дневно (по можност на почетокот од утринскиот дел од програмата) да ги објават следниве податоци:</u>*

- *името на давателот на аудио медиумската услуга;*
- *адресата на седиштето и уредништвото на медиумот;*
- *името и презимето на одговорното лице на медиумот;*
- *името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците, во согласност со внатрешната организација на уредништвото;*
- *податоци за контакт со медиумот (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или веб страница);*
- *името на надлежното регулаторно тело.*

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво РАДИО РОСА - АБ ДООЕЛ Скопје, на 2 декември 2015 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Радиодифузно трговско друштво РАДИО РОСА - АБ ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***